Врз основа на член 27, и член 50 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" број 32/2020) и член 39 од Статутот на Општина Струмица ("Службен гласник на Општина Струмица" број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 и 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Изменување и дополнување на ДУП за дел од блок број 38 на град Струмица, Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на јавна анкета и јавна презентација на Изменување и дополнување на ДУП за дел од блок број 38 на град Струмица, Општина Струмица, со површина од 1,78ха во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,

- Лилјана Ивановска - претставник на изготвувачот на планот,

- Елина Трендова - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе јавната анкета од 07.09.2022 година до 07.10.2022 година, а јавната презентација да се одржи на ден 13.09.2022 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам, Општина Струмица.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Струмица".

Бр.09-6621/3
18.08.2022 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник
Костадин Костадинов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
„ГРАДОНАЧАЛНИК"
ОПШТИНА СТРУМИЦА